ЈЗУ Универзитетска Клиника
за Уво, Нос и Грло

IPSH Klinika Universitare për Vesh,
Hundë dhe Fyt

Врз основа на член 35 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.144/25 и 252/25) член 30 и 31 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за уво,нос и грло Скопје, а во врска со јавниот оглас број 740/2025 за вработување на административен службеник, Директорот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за уво,нос и грло Скопје донесе:

Универзитетска Клиника за
уво,нос и грло - Скопје
Institucioni Publik Shëndetësor
Klinika Universitare për
Vesh, Hundë dhe Fyt - Shkup
Бр. / Nr. 04-520/24
29 12 2025 год. / viti

# О Д Л У К А

## За избор на кандидати по јавен оглас број 740/2025 за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно Помлад соработник за административно-технички работи на катедра, Сектор за административно-правни работи и општо-технички работи, со шифра ЗДР 01 02 В04 001се избира кандидатот

- Оливер Давидовски

2. Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на Одлуката
3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.07.2025 година во весниците Коха, Нова Македонија и Слободен Печат и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија објавен е јавен оглас број 740/2025 за вработување на административен службеник во ЈЗУ Универзитетска Клиника за уво,нос и грло Скопје.

По објавениот оглас број 740/2025, Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Архивски број 10-1672/5 од 23.07.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник на ден 31.07.2025 година и донесе Записник за извршена административна селекција за административен службеник со архивски број 10-1672/6 од 31.07.2025 година.

На ден 01.12.2025 година се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведен испит за административен службеник со архивски број 10-1672/12 од 01.12.2025 година.

На ден 02.12.2025 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и изготви Записник од спроведена проверка од веродостојноста на докази и интервју за административен службеник со архивски број 10-10672/13 од 02.12.2025 година.

Врз основа на член 35 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.144/25 и 252/25) и врз основа на конечната ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција за вработување и Предлогот за вработување број 10-1672/14 од 03.12.2025 година од Агенцијата за администрација, Директорот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за уво,нос и грло Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈЗУ Универзитетска Клиника за
уво,нос и грло Скопје
Директор
Д-р спец.Игор Камшикоски

Доставено до:
-Кандидат
-Персонално досие
-Агенција за аминистрација
-Архива